РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – -------------------------- од Скопје, на продолжението на 47-та седница одржано на 13.04.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата поднесена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-5686/1 од 19.12.2019 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата утврди дека нема елементи за натамошно надлежно постапување, односно постапувал друг надлежен државен орган.

Предметот со број 12-5686/1 од 19.12.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-5686/1 од 19.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ----------------- од Скопје.

Во пријавата се укажува на сомневање за коруптивно постапување во текот на постапка за извршување од извршител ---------------------- и ЈП Водовод и канализација. Станува збор за дуќан на бул.Асном 36 бр.--- кој подносителот на 13.06.2003 година го продал на физичко лице, а истиот потоа во ноември 2007 година го продал на други две физички лица и сè уште е во нивна сопственост. Додека дуќанот се наоѓал во нивна сопственост на подносителот од страна на извршител му биле наплатени неколку сметки за 2007, 2008 и 2019 година. Исто така, подносителот наведува дека не знаел за ова, нема добиено никаква опомена или тужба, ги платил сметките а од извршителот не добил потврда, извршителот ги препратил кај ЈП Водовод и канализација, а од таму го упатиле пак кај извршителот или да поднесува кривична пријава до надлежен суд. Во пријавата е наведено дека подносителот се обратил до повеќе институции и исто така има поднесено тужба до Основен суд Скопје 2 на 24.02.2010 година, но увидел дека судот не смее да донесе пресуда во негово име иако е во право.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата констатира дека станува збор за наводи по кои се надлежни да постапуваат други надлежни органи во Република Северна Македонија, односно станува збор за постапка за извршување по правосилен налог. Воедно, од пријавата и прилозите кон истата се констатира дека изнесените наводи се неосновани и истите не се потврдени, особено од одговорот на тужба од кој

се констатира дека надлежните органи во постапката за извршување не биле запознаени со промената на фактичката состојба.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, оцени дека се работи за пријава која не содржи елементи за нејзино надлежно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид горе наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: Н.Б, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**М-р Шемши Салаи**